Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
07-07-2016 20 година
Потпис.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ", број 27/15,78/15,192/15 и 27/16 ), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА

## за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

Постапката за јавна набавка – Надворешна поддршка на хардвер за ИКТ системи, спроведена со отворена постапка , со објавување на оглас број 04/2016, се поништува согласно член 169 став 1 алинеја 9, а во врска со член 210 алинеја 5 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, Директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка на услуга Надворешна поддршка на хардвер за ИКТ системи - број 05-029495/16-0002 од 17.05.2016 година.

Износот на средствата од 4.100.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со Буџетот на Република Македонија за 2016 година, раздел 09003 - Царинска управа, сметка 637 и/или 787, програма 20, ставка 424.

Согласно член 22 и член 121 од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе во електронска форма со отворена постапка со објавување на оглас број 04/2016 во ЕСЈН, со примена на електронска аукција.
Комисијата за јавни набавка, не извршила отварање на понудите на датумот и часот определени како датум на отварање на понуди наведен во објавениот оглас во ЕСЈН и објавената тендерска документација. Од тие причини се предлага поништување на предметната јавна набавка согласно член 169 став 1 алинеја 9, а во врска со член 210 алинеја 5 од Законот за јавни набавки бидејќи договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на законот согласно со членот 210 алинеја 5, односно сторени се битни пропусти кои се однесуваат на отворањето на понудите.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:

Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 8 (осум) дена од денот на прием на известувањето.

Директор,
Наташа Радеска-Крстевска

Бр. 05-029495/16-0012
Скопје, 07-07-2016 г.

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива/писарница

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Џутески